Република Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

# П Р А В И Л Н И К
за изменување и дополнување на Правилникот за организација и работа на Министерството за финансии

Скопје, јули 2015 година

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14 и 199/14), Заменик Претседателот на Влада и Министер за финансии, донесува

# ПРАВИЛНИК
## за изменување и дополнување на Правилникот за организација и работа на Министерството за финансии

### Член 1

Со овој правилник се врши изменување и дополнување на Правилникот за организација и работа на Министерството за финансии бр. 01-7191/1 од 24.04.2015 година и тоа:

Во глава II. ОРГАНИЗАЦИЈА НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ФИНАНСИИ, во член 4 став 4, алинеја 4, бројот „2“ се заменува со бројот „3“ и во делот ПРОЕКТНИ ЕДИНИЦИ ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ФИНАНСИИ, се додава нов став 3 кој гласи: „Проектна единица за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст-Детска градинка “.

### Член 2

Во глава V. ПРОЕКТНИ ЕДИНИЦИ ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ФИНАНСИИ, во член 23, по насловот „Проектна единица за имплементација на Оперативната програма за развој на човечки ресурси – ОПРЧР“, се додава нов наслов „Проектна единица за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст-Детска градинка”, која гласи:

„Проектна единица за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст - Детска градинка“

Проектна единица за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст - Детска градинка ги врши сите активности околу згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст за потребите на вработените во Министерството за финансии. Детската градинка организира згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст и тоа: згрижување, престој, нега, исхрана, воспитание, спортско-рекреативни, културно забавни активности, мерки и активности за подобрување и зачувување на здравјето и за поттикнување на интелектуалниот, емоционалниот, физичкиот, менталниот и социјалниот развој на детето на возраст од 2 години до 6 години, односно до поаѓање на училиште, согласно со Законот за заштита на децата. Згрижувањето и воспитувањето на децата од предучилишна возраст, детската градинка ќе го остварува согласно со Програмата за рано учење и развој и другите програми согласно со Законот за заштита на децата.

Член 3

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добиената согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

Број 01-7191/11
16-07-2015 година
СКОПЈЕ

Зоран Ставрески
Заменик Претседател на Влада и
Министер за финансии

Изработил: Лилијана Стојановска
Проверил: Михајло Михајловски
Одобрил: Гордана Сусулеска Итиќ
Согласен: Игор Димитров